Бр. 12-3712/3
06-03-2020 год.

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ----- ----------- од С------, на 28-та седница одржана на ден 29 февруари2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-3712/1 од 20.07.2019 година доставена од подносителот ----- ----------- од С------, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3712 од 2019 година оформен по пријава бр. 12-3712/1 од 20.07.2019 година.

Предметот со број 12-3712 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-3712 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3712/1 од 20.07.2019 година, доставена од страна на познат подносител – ----- ----------- од С------.

Во пријавата се содржани наводи за незадоволство од постапувањето на ОЈО Крива Паланка и ОЈО Куманово при водење на предмет заведен по кривична пријава поднесена во 2015 година, против повеќе лица за сторено кривично дело тешка телесна повреда, а при што биле донесени пресуди и решенија согласно кривичниот законик за сторено кривично дело насилство, но само за едно лице. Станува збор за предмет во кој подносителот на пријавата се јавува како оштетена страна во предметот – бил физички нападнат и претепан од страна на пријавените лица и се сомнева за злоупотреба на службената положба и овластувања во основните јавни обвинителства, неоправдано одолжување на постапката и непочитување на законските одредби - што придонело во конкретниот предмет да бидат донесени одлуки кои биле незаконски и со кои за виновно било огласено само едно од четирите пријавени лица и истото по предлог спогодба, било осудено на условна казна од 24 месеци. Во врска со предметниот случај, поднел жалба до Вишиот јавен обвинител преку ОЈО Куманово, по која на 13.10.2017 година било донесено Решение за одбивање со образложение дека основниот јавен обвинител правилно ја констатирал состојбата во обжаленото Решение. Исто така, преку свој Адвокат, подносителот на пријавата, на ден 22.01.2019 година поднел предлог за повторување на


Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

постапката до ОЈО Куманово, од кое добил одговор на 28.03.2019 година дека не постоело основ за повторување на постапката, поради тоа што наведените докази не претставувале нови докази во постапката туку истите веќе биле земени во предвид од страна на јавниот обвинител. Кон доставената пријава приложена е и документација за предметниот случај а од Државната комисија се бара да го прибави кривичниот предмет и да побара произнесување на двете основни јавни обвинителства, како и да бара повторување на постапката по истиот.

По разгледување на сите наводи на поднесената пријава и кон неа приложената документација, констатирано е дека во конкретниот случај станува збор за наводи по кои се надлежни да постапуваат други надлежни органи во РСМ, како и дека подносителот на пријавата ги искористил сите правни лекови во врска со предметниот случај и дека од страна на сите надлежни органи до кои сте се обратил било постапено во рамките на нивната надлежност.

Со оглед на констатираното, во конкретниот случај, Државната комисија согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема законска надлежност, ниту процесна можност согласно Законот за кривична постапка за вложување на било какви правни лекови, а сето тоа поради немање процесна легитимација во судските постапки. Согласно со наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметниот случај .

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 февруари 2020 година под бр. 12- 3712/3**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија • Државна комисија за спречување на корупцијата • Скопје • Republika e Maqedonisë • Komisioni Shtetëror për Parandalimin e Korrupsionit • Shkup

Доставено до :
- Архива
- Подносителот

По заклучок на ДКСК
Изработил: Јасминка Цветковска, Советник
Одобрил: м-р Владимир Георгиев, Член на ДКСК